**РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
*Канцеларија во Македонија*

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Скопје, 6.11.2008 год.

**До:**

**Предмет:** Тркалезна маса- Национална стратегија за инвестиции во животната средина

**Проект:** Национална стратегија за инвестиции во животната средина

Почитувани,

Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ), Канцеларија во Македонија го спроведува проектот: **"Национална стратегија за инвестиции во животната средина".** Проектот е финансиран од страна на Австриската Агенција за Развој (АДА) и ко-финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Основна цел на проектот е развивање на стратегиски план за подготвување и спроведувањето на инвестициони проекти во животната средина што ќе се финансираат од странски и домашни фондови.

Министерството за животна средина и просторно планирање и Регионалниот центар за животна средина организираат тркалезна маса за Националната стратегија за инвестиции во животната средина. Проектот влегува во последна фаза пред усвојување. За истата ќе се расправа и мошне скоро се очекува нејзино усвојување од Владата. Во меѓувреме, главните наоди од стратегијата ќе бидат дискутирани на две одделни Тркалезни маси (12-ти и 13-ти Ноември), на кои во два дена ќе земат учество сите Градоначалници на општините во РМ, како и директорите на комуналните претпријатија.

Целта на оваа расправа е претставување на националната политика на министерството за животна средина и просторно планирање во однос на идните инвестиции за животна средина и добивање на контруктивни коментари од еден дел од чинителите во РМ, засегнати со оваа стратегија.

financed by
Austrian
Development Cooperation

Тркалезната маса ќе се одржи на ден 12-ти/13-ти Ноември 2008 година (Среда/Четврток) во **Хотел Карпош**, со почеток во **11:00** часот.

Текстот на стратегијата е достапен на интернет страницата на Регионалниот центар за животна средина: **http://www.rec.org.mk/NEIS/NEIS%20FINAL.pdf**

Ве покануваме да учествувате на оваа расправа и да ги дадете своите коментари за стратегијата.

Во прилог Ви доставуваме дневен ред.

*(За подетални информации Ве молиме да се јавите во Канцеларијата на РЕЦ за Македонија – 02 3088 199; 02 3088 191)*

Со почит,

**Д-р Неџти Јакупи**

Министер за животна средина
и просторно планирање